МЦМС распишува оглас за **две работни места** во програмата **Цивика мобилитас :**

- Соработник за проекти за набљудување и оценка
- Соработник на проекти за истражување и анализи




Работните задачи за **соработник за проекти за набљудување и оценка** се состојат од:

- Раководење со проектен циклус кој ги опфаќа сите фази вклучително и спроведување проектни активности, наративно и финансиско известување, следење и оценка;
- Набљудување и оценка на достигнувањата на грантистите и општо на програмските активности;
- Координација и следење на спроведување на програмските индикатори;
- Известување за достигнувања на програмата кон донаторот;
- Комуникација со целната група на проектите, добавувачи и др.

Работни задачи за **соработник на проекти за истражување и анализи**:

- Раководење со проектен циклус кој ги опфаќа сите фази вклучително и спроведување проектни активности, наративно и финансиско известување, следење и оценка;
- Анализа на контекстот релевантен за граѓански организации;
- Истражување и анализи за развој на граѓанско општество;
- Содржински придонес во следењето на индикаторите на програмата;
- Координација на настани во програмата: форуми, средби за вмрежување.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните **услови**:

- Најмалку пет години работно искуство на проекти за граѓанското општество;
- Познавање процедури за раководење на проекти на странски донатори ќе се смета за предност;
- Основни познавања за работата на МЦМС;
- Комплетирано високо образование или најмалку 10 години релевантно работно искуство;
- Одлично познавање на македонски и англиски јазик, познавање на албанскиот јазик ќе се смета за предност;
- Познавање на административно и канцелариско работење;
- Докажана способност да работи со компјутери, пред сè одлично познавање на програмите од пакетот на Мајкрософт офис;
- Возачка дозвола: Б категорија.

Кандидатите треба да ги поседуваат следните **вештини и способности**:

- комуникација (усна и писмена);
- брзо прифаќање и прилагодување кон нови задачи;
- тимска работа во мултикултурно опкружување;
- извршување повеќе задачи истовремено и за испорака во кратки рокови;
- работа на терен (надвор од канцеларија).

Кандидатите кои ќе ги исполнат горенаведените критериуми ќе се избираат со претходна проверка на знаењата. **Одреден број кандидати** ќе бидат поканети на интервју.

Кандидатите треба да ги достават следниве **документи на македонски јазик**:

- пријава на оглас за работа ;
- биографија (ЦВ);
- мотивациско писмо (до 1 страница);
- потврда за завршено образование.

Работниот однос е на определено време од **три години**. Работното време изнесува 40

часа во работната недела, поделено во пет работни дена. Работните часови за полно работно време се 8 часа и тоа со почеток од 7 до 9 часот наутро и завршување од 15 до 17 часот, соодветно, секој работен ден.

**Предвидената нето плата** за огласените работни места изнесува околу 35.000 денари, а точниот износ ќе се утврди **врз основа на работното искуство** на кандидатот и **опис от на работни задачи**.

**Конкурсот е отворен до 7 август 2019 г., до кога треба да се достави пријавата за работа на е-пошта: oglaszarabota@mcms.mk или во просториите на МЦМС.**

Работодавач е: Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), ул. Никола Парапунов бр. 41а, Скопје, тел. 02/3065-381. Лице за контакт е Борче Јакимовски.

Изборот ќе се изврши **во рок од 30 дена по истекот на рокот за пријавување**. Рокот за избор може да се промени врз основа на пријавениот број на кандидати.